УДК: 329ВМРО-ДПМНЕ(497.7)"1990"

Марјан Гијовски
докторанд на ЈНУ Институт за национална историја
mgijovski@yahoo.com

# ОСНОВАЊЕТО НА ВМРО-ДПМНЕ МЕЃУ АРГУМЕНТИТЕ ЗА КОНТИНУИТЕТОТ И ПОЛИТИЧКИТЕ МИТОВИ

*Abstract.* – Through this paper, the author tries to contribute to the enrichment of knowledge concerning the history of Macedonian political pluralism. The party IMRO-Democratic Party for Macedonian National Unity, since its creation in 1990, has grown into an influential political force in the Republic of Macedonia. There are two views on who initiated the creation of the political party: Dragan Bogdanovski as the leader of the Macedonian political emigration, or Ljubco Georgievski, who at that time had almost graduated from the Faculty of Philology in Skopje. The controversies about its formation still exist, fuelled by intentions to create personal myths. The paper cross-references the arguments in order to crystallize the process of the party's emergence.

*Key words.* – emigration, platform, Munich, Dragan Bogdanovski, Founding Assembly

Во македонската историографија речиси реткост се трудовите кои ја обработуваат појавата на политичките партии во Република Македонија со доаѓањето на плурализмот и завршувањето на еднопартискиот систем.[1] Особено за партиите кои идеолошки не припаѓале на ле-

* Благодарност до семејството на Звонко Станковски, првиот технички секретар на ВМРО-ДПМНЕ за отстапениот приватен архивски материјал.

[1] Десеттиот конгрес на Сојузот на комунистите на Македонија, кој се одржал во ноември 1989 г., донел одлука за воспоставување политички плурализам и за укинување на монополот на партијата по што на 12 април 1990 г., Собранието го усвоило Зако-

виот блок. Кон крајот на 80-тите и почетокот на 90-тите години на XX век и на овие простори се чувствувале промените што се случувале во Европа со крајот на Студената војна и падот на комунистичките режими. Македонија како федерална единка во југословенската федерација стоела на патот на демократските промени со што се создале услови за појава на партии од различна провениенција. Во периодот на општествено-политички премин владејачката партија во Социјалистичка Република Македонија, Сојузот на комунисти на Македонија, била етаблирана со развиена партиска мрежа и неколкудецениско создавање на кадри[2], но од друга страна не постоело историско искуство во демократски плурализам и не постоела опозициска општествено-политичка елита, која ќе се залага за побрзо воспоставување на повеќепартискиот систем.[3] Во тој контекст, во оваа статија теоретската рамка ја опфаќа појавата на партијата ВМРО - Демократската партија за македонско национално единство на политичката сцена од првичните идеи од потребата за формирање една национална партија до нејзиното Основачко собрание одржано на 17 јуни 1990 година во Домот на млади во Скопје. Не само фактографски и хронолошки, туку и суштински авторот на статијата ќе се обиде да аргументира во однос на некои дебати кои постојат во јавното пространство околу генезата на партија која во независна Република Македонија ќе прерасне во една од водечките политички сили. Во досегашните дискусии и спротивставувања на тогашните учесници или истакнати фигури во процесот на формирањето на ВМРО-ДПМНЕ се кристализираат три ставови: првиот став е дека импулсот за создавање на националната партија доаѓа од македонската политичка емиграција, вториот став е дека нејзиното идеолошко осмислување и теренско организирање е резултат на двајца личности од „внатрешноста" и третото тврдење говори дека ВМРО-ДПМНЕ е формирана од неколку десетици граѓани со патриотска ориентација од повеќе градови на Социјалистичка Република Македонија.[4] Науката досега не се зафатила со ова истражувачко прашање, пос-

нот за изменување и дополнување на Законот за општествените организации и здруженија на граѓани. *Политичка мисла* 2019, 30.

[2] Марксистичкиот центар „Мито Хаџивасилев-Јасмин" бил средиште за подготовка на партиски кадри.

[3] Д-р Александар Спасеновски успешно го објаснува амбиентот на воспоставување на повеќепартискиот систем во крајот на 80-тите и почетокот на 90-тите години на XX век. *Политичка мисла* 2019, 25.

[4] Првиот став го застапуваат соработниците од емиграцијата и внатрешноста на Драган Богдановски, лидерот на македонската политичка емиграција и се афирмира во последните 15 години, вториот став најгласно го изнесува Љубчо Георгиевски,

тојат само субјективни гледишта на истакнати партиски активисти кои се секако интересни за анализа.[5] Прв научник кој во одреден аспект ја разработи оваа тема како фаза од дејствувањето на дисидентот Драган Богдановски е проф. д-р Марјан Иваноски од Институтот за национална историја. Во една своја статија[6], проф. д-р Марјан Иваноски ги лоцира точките на појавата и развојот на идејата за формирање на ДПМНЕ и тоа: на **2 февруари 1989** година Драган Богдановски во неговиот стан водел разговор со свои истомисленици за потребата од нова политичка партија и тој ја нарекол Партија за македонско национално единство. Службата за безбедност го прислушувала овој разговор од кој се потврдува дека Богдановски го предвидувал падот на еднопартискиот систем во Југославија и веќе размислувал за создавање  политичка партија врз основа на неколкудеценскиот политички и национален активизам. Вториот важен момент кој го проследува текот на создавањето на ДПМНЕ (подоцна ВМРО-ДПМНЕ) е изработувањето на политичката платформа на ДПМНЕ на **23 јануари 1990** година во Стокхолм, Шведска, откако Драган Богдановски емигрирал таму во април 1989 година. Во таа платформа биле образложени целите, задачите и раководството на партијата. Драган Богдановски како идеен творец на ДПМНЕ ја објавува нејзината политичка платформа во списанието „Млад борец“ на **7 март 1990** година, која ќе го привлече вниманието на други истомисленици од Социјалистичка Република Македонија. Претходно, на **20 февруари 1990** година Богдановски испратил Манифест на ДПМНЕ до македонскиот народ како начин за нејзино промовирање.[7] Следен чекор за етаблирање на ДПМНЕ, според запишаното кажување на Манојил Јаковлески, е посетата на Драган Богдановски на ресторанот „Ново Скопје“ во Берлин во

---

поранешниот претседател на партијата кој ја минимизира улогата на емиграцијата. Третиот став е најмаргинален и е застапуван од партиски функционери кои немале истакната партиска функција во периодот за кој станува збор.

[5] Тука вредно е да се споменат автобиографијата од Георгиевски, Љубчо. *Тоа сум јас* и изданието од истиот автор, *Мојата македонска приказна - Каде одиш Македонијо?*. По објавувањето на автобиографијата наскоро беше издадена биографската книга од д-р Бранислав Синадиновски, *Борис Змејковски. Современиот Дамјан Груев* која беше извесно спротивставување на автобиографијата на Георгиевски. Новинарот Киро Кипроски од Гостивар објави две монографии во 2015 и 2018 година за браќата Гојко и Манојил Јаковлески, политички активисти од емиграцијата во кои се третира темата за појавата на ВМРО-ДПМНЕ.

[6] Иваноски 2015, 109-123.

[7] „Целиот манифест изобилува со голем емотивен и патриотски набој“. Иваноски 2015, 117.

сопственост на браќата Јаковлески, на почетокот на **мај 1990** година.[8] Во текот на разговорите во неколкудневниот престој во Берлин, тој им ја презентирал иницијативата за формирање политичка партија во Македонија при што Манојил Јаковлески прифатил да учествува во подготовките пред одржувањето на Основачкото собрание. На посебен консултативен состанок во „Ново Скопје", покрај Драган Богдановски, присуствувале браќата Јаковлески, Стево Доневски и Ванчо Меанџиски, кој работел како новинар во весникот „Нова Македонија". Според Манојил Јаковлески, на тој состанок била донесена одлука да се одржи уште еден состанок со приврзаници на идејата за формирање политичка партија од Македонија.[9] Во понатамошните контакти било утврдено да се оствари средба во Минхен на **31 мај, 1 и 2 јуни 1990** година на која присуствувале Драган Богдановски, Гојко Јаковлески, Владимир Транталовски, Борис Змејковски и Љубчо Георгиевски. Во рамки на тродневните разговори биле прецизирани техничките подготовки и кадровските решенија за одржување на Основачкото собрание во Скопје и идното позиционирање на партијата на политичката сцена.[10]

Сите досега изнесени факти кои се поврзуваат со наведените датуми наведуваат на заклучок дека Драган Богдановски е човекот кај кого првично созрева идејата за основање национална политичка партија во Републиката, тој е личноста која концепциски и програмски ја осмислува, бара поддржувачи за нејзино етаблирање меѓу свои соработници во емиграција и Републиката и почнува со нејзино промовирање.[11] Од јануари 1990 година, кога е формирана политичката платформа на ДПМНЕ, до јуни 1990 година кога е одржано Основачкото собрание во Скопје, Богдановски презел и организациски чекори за нејзино заживу-

[8] Гојко Јаковлески тврди дека на почетокот на 1990 година, Драган Богдановски телефонски го контактирал од Шведска и му рекол: „Гоце, со паѓањето на Берлинскиот ѕид, почнаа и во Македонија да дуваат нови демократски ветрови. Создадени се услови за нашата неколкудецениска борба водена во емиграција да ја префрлиме во внатрешноста, да формираме нова партија, која ќе се вика Демократска партија за македонско национално единство која легално ќе ја продолжи политичката борба во Македонија, за ново политичко и економско уредување, за уривање на т.н. комунизам". Кипроски 2015, 533.

[9] Кипроски 2018, 85.

[10] „Во Иницијативниот одбор за одржување на Основачкото собрание на партијата ќе влезат: Љубчо Георгиевски, Борис Змејковски, Диана Транталовска, ќерка на Владимир Транталовски, Ванчо Меанџиски и Венко В'чков, професор по англиски јазик, по потекло од пиринскиот дел на Македонија". „Жртви на комунизмот" 47:35.

[11] Млад борец 7.3.1990, 8-9.

вање. И овој аспект од неговиот ангажман е запоставен во кажувањата од неговите современици. Покрај многубројната архивска документација која оди во прилог на ова тврдење, би го издвоиле писмото од Јонче Трајчевски, член на Координативниот совет на ДПМНЕ за Австралија до Михаил Шариновски, Јанко Томов и Крсто Шкордов од 4 мај 1990 година.[12] Содржината на писмото укажува на тоа дека ДПМНЕ веќе земала замав на другите континенти меѓу поранешните членови на Движењето за ослободување и обединување на Македонија. Драган Богдановски во интерес на сопствената идеја за основање национална партија бара поддршка и од блиски пријатели во внатрешноста, како што се Владимир и Љуба Транталовски од Ресен. Познанството на Драган Богдановски со Владимир Транталовски траело уште од 1965 година[13] и во тој период на етапното создавање на ВМРО-ДПМНЕ, неговата куќа станала место каде што се одржувале средби и состаноци со лица од Македонија и емиграцијата.

Целото семејство беспоштедно се вложило во поддршка на својот близок пријател.[14] Во тој процес на реализација на идејата на Драган Богдановски се препознава неговото лобирање кај свои соработници и пријатели од минатото; од тој аспект, придружувањето на Гојко Јаковлески и Владимир Транталовски како едни од присутните од Минхенските средби е сосема јасно. Се поставува дилемата како дошле Љубчо Георгиевски и Борис Змејковски во контакт со Драган Богдановски и неговиот план за формирање партија?

Љубчо Георгиевски во својата книга „Мојата македонска приказна - Каде одиш Македонијо?" наведува дека Борис Змејковски, кого претходно го запознава како вработен кај Костадин Динев-Динката, му прави контакт со Драган Богдановски. Притоа го информира дека Богдановски има намера да прави партија и дека сакал и тие да се вклучат.[15] Но, за

---

[12] Во него, Драган Богдановски се именува како претседател на ДПМНЕ, назначено е дека партијата веќе има свое одделение и Координативен совет за Австралија. Меѓу другото наведено е дека услов за пристапување во партијата е „неучествување во друга политичка партија". Архивска документација, Звонко Станковски.

[13] Иваноски 2015, 119.

[14] „Требаше да се оствари конечно таа средба, значи тогаш стапив во контакт со Владо Транталовски во Ресен непосредно пред патувањето за Минхен. Тој мислам дека го држеше тој личен контакт може најјако од сите други во Македонија со" (м.з. Драган Богдановски), *„Македонија пред сè - патот на ВМРО-ДПМНЕ 1990-2017"*, 22:12.

[15] Датирањето на првото среќавање со Драган Богдановски, Љубчо Георгиевски го прави една година пред формирањето на ВМРО-ДПМНЕ. Меѓу другото наведува дека

спојувањето со Љубчо Георгиевски, Драган Богдановски во напис за дневен весник вели дека него го довел Димче од Прилеп, кој бил исто така политички затвореник во Идризово. Според неговото кажување, останувал доцна во ноќта во неговиот стан и се интересирал за емиграциското минато и состојбите во емиграција. Борис Змејковски, кој подоцна ќе стане втор човек во ВМРО-ДПМНЕ, вели дека за Драган Богдановски разбрал преку извесен Пандил Стефковски, кој бил политички затвореник. Првата средба со него му била во просториите на фирмата „Македонка" каде што работел Змејковски.[16] Богдановски во една своја статија од 1993 година пишува дека запознавањето со Змејковски било преку Костадин Динев-Динката со кого лежеле во затвор заедно.[17]

Од идејната замисла на ДПМНЕ во 1989 година до нејзиното основање или заживување во Македонија во јуни 1989 година потребно е да се објасни какво значење имале Минхенските средби на Драган Богдановски, Гојко Јаковлески, Владимир Транталовски и Љубчо Георгиевски, кои се одржале на 31 мај, 1 и 2 јуни во хотелот кој се наоѓал во близина на Shiller Str. Hauptbahnhof и Mathauser Brau. Сеќавањата на самите учесници се основен извор на информации. Престојот во Минхен бил финансиски покриен од Гојко Јаковлески. Богдановски во статијата објавена во списанието „Македонска нација" во 1993 година вели дека му дал задача на Владимир Транталовски да дојде во Минхен со неколку лица со иста идеја, за да се договорат за „конституирање на ДПМНЕ во Републиката како легална партија".[18] Ова го потврдува и Владимир Транталовски во свое сведоштво.[19] Од статијата се воочуваат точките по кои дискутирале присутните: услови за конституирање на ДПМНЕ во Републиката, финансирање, номинирање лица за претседател, генерален секретар и членови на Управниот одбор на партијата (извршно тело).

Богдановски тврди дека Георгиевски го условил конституирањето на партијата ако Богдановски се нафати да обезбеди финансиски средства од дијаспората, во спротивно тој нема да се нафати на нејзино создавање. Драган Богдановски дал ветување дека ќе обезбеди финан-

---

Манифестот кој го објавил Богдановски длабоко го обзел и така со воодушевување ја прифатил идејата да се вклучи во создавањето на партијата. Георгиевски 2018, 54-56.

[16] Синадиновски 2012, 23.

[17] Македонска нација 1993.

[18] „Транталовски телефонски ми одговори дека ќе дојде со Змејковски, Владимир Голубовски и Љупчо Георгиевски. Меѓутоа, на определениот ден во Минхен дојдоа само Транталовски, Борче Змејковски и Љупчо Георгиевски".

[19] *„Македонија пред сè - патот на ВМРО-ДПМНЕ 1990-2017"*, 22:22.

сии, а Гојко Јаковлески веднаш подарил 3000 марки на гостите за кои Георгиевски во својата книга пишува дека биле само „две илјади марки“ од кои била платена салата за одржување на Основачкото собрание во Домот за млади „25 Мај“, во Скопје.[20]

Околу кадровските прашања, како што наведува Гојко Јаковлески, додека шетале низ минхенските улици, Драган Богдановски го прашал што мисли за идејата Георгиевски да биде претседател на партијата, на што тој одговорил дека е многу млад, и дали ќе може да носи таква одговорна функција. Решеноста на Богдановски за Георгиевски да биде претседател на партијата се гледа од неговиот одговор: „Млад е, но е многу интелигентен, харизматичен и вистински војвода!“.[21] На една од средбите, Богдановски му го понудил претседателското место на Љубчо Георгиевски при што тој веднаш прифатил.[22] Љубчо Георгиевски наведува дека пред да тргнат за Минхен, се договориле со Борис Змејковски тој да биде потпретседател, а Змејковски да биде генерален секретар.[23] Позицијата секретар на партијата му ја понудил на Владимир Транталовски, но тој одбил поради многуте професионални обврски. Дури тогаш Борис Змејковски станал опција за оваа раководна позиција на предлог на Георгиевски, кој бил едногласно прифатен. Во составот на Управниот одбор (привремено извршно тело) биле предвидени уште и Диана Транталовска, Венко В’чков, Ванчо Меанџиски, Владимир Голубовски, а во овој партиски орган подоцна влегле и други членови со избор од Основачкото собрание. Богдановски на крајот од текстот вели дека слевањето на „долари и марки“ може да го документира. Уште еден податок е многу важен за Минхенските средби, кој може да се смета за претподготовка на Основачкото собрание, а тоа е дека од таму биле донесени Статутот, Деловникот за работа и други програмски документи, чиј автор бил Драган Богдановски.[24] Според Љубчо Георгиевски, Драган

[20] Но Гојко Јаковлески потенцира во своето сеќавање вели дека дал 10.000 германски марки, пари на брат му Мане, непосредно пред одржување на Основачкото собрание и дека тој податок до тогаш никогаш не го кажал. *„Македонија пред сѐ - патот на ВМРО-ДПМНЕ 1990-2017“*, 30:43.

[21] И самиот Љубчо Георгиевски пишува дека почувствувал стаписаност од овој предлог токму поради возраста и дека повеќе се гледал во раководството на партијата.

[22] Македонска нација, 1993.

[23] Георгиевски открива интересен детаљ дека една од целите на заминувањето на Минхен било „да се организира враќањето на Богдановски во Македонија за да биде претседател на партијата...“ Георгиевски 2018, 57.

[24] Според сведоштвото на Владимир Транталовски во серијалот „Жртви на комунизмот“, 47:05.

Богдановски одбил да се врати во Македонија во тој период затоа што наводно истакнал дека УДБА сè уште може да му направи голема штета и ги охрабрил тие да ја реализираат својата идеја.

Во однос на тоа како се дошло до името на партијата која требала да се формира во Македонија, има согласување меѓу присутните на средбите во Минхен во нивните подоцнежни изјави. Љубчо Георгиевски во автобиографијата „Тоа сум јас“ тврди дека идејата префиксот ВМРО да стои пред името ДПМНЕ била негова и на Борис Змејковски.[25] Тој момент го дообјаснува во наредната книга каде што спојувањето на ВМРО со ДПМНЕ го толкува како спојување на дијаспората со Македонија, на минатото со сегашноста и чин со кој се сака да се предизвика политички ефект. Гојко Јаковлески се спротивставил на додавање на префиксот ВМРО во името на партијата затоа што сметал дека тоа име е свето и дека и без него партијата ќе постигне успех врз основа на својата програма која ќе биде различна од тие на другите партии.[26] Сепак Драган Богдановски ги поддржал Љубчо Георгиевски и Борис Змејковски во дискусијата и на тој начин се стигнало до името ВМРО-ДПМНЕ. Од друга страна пак, Бранислав Синадиновски во автобиографската книга посветена на Борис Змејковски тврди дека во Минхен „воопшто не се разговарало ДПМНЕ да се трансформира во ВМРО-ДПМНЕ“, туку дека уследило подоцна кога се вратиле во Скопје. Поранешниот генерален секретар на политичката партија изнесува сосема поинаква теза, т.е. дека темелите на ДПМНЕ биле удрени во просториите на трговското претпријатие „Македонка“ во Скопје при што биле изготвени внатрешен и надворешен дел на партиската програма. Тој негира дека исклучиво Драган Богдановски работел сам врз концептот на новата политичка партија.[27]

---

[25] Иако со сигурност не тврди чија конкретно била таа идеја. Георгиевски 2012, 30-31.

[26] Јаковлески во разликите кои ја прават програмата на ВМРО-ДПМНЕ единствено ги набројува: Македонија независна и суверена држава, да има своја валута, армија и дипломатија. Формирање на македонска спортска репрезентација и најважно од сè исполнување на илинденските идеали за обединување на Македонија. А тоа ќе се остварело со создавање услови Македонија да биде член на ЕУ и НАТО.

[27] Змејковски за основачи на ДПМНЕ ги наведува Драган Богдановски, Костадин Динев-Динката, тогашен директор на ТП „Македонка“, самиот себе, кој во тоа време бил вработен како возач во претпријатието, и Бранислав Синадиновски кој во 1990 година станал вонреден научен соработник на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје.

По 2 јуни 1990 година почнале организациските подготовки за свикување на Основачкото собрание на ВМРО-ДПМНЕ во Скопје, бил определен 17 јуни како датум за одржување. Иницијативниот одбор бил формиран, било упатено барање до Домот на млади „25 Мај“ за обезбедување на салата, а со посебно известување биле известени и тогашните медиуми за настанот.[28] Од име на Иницијативниот одбор, Борис Змејковски го известил Секретаријатот за внатрешни работи при Собранието на град Скопје дека околу 400 партиски членови од Скопје и Републиката ќе присуствуваат на Основачкото собрание.[29] Вечерта, пред одржување на Основачкото собрание во хотел „Јадран“, Гојко Јаковлески и Борис Змејковски договориле Јонче Христовски да ја исполни химната во придружба на музичарот Зоран Марковски. Јаковлески побарал во работното претседателство да бидат Стево Доневски-Мајка и Ванчо Меанџиски, а тој да седи со другите истомисленици кои биле дојдени од повеќе западноевропски држави.[30]

Од тричасовниот видеоматеријал од Основачкото собрание на ВМРО-ДПМНЕ, кој е достапен на „Јутуб“, изворно може да се набљудува неговото одвивање по дневниот ред и говорите на дискутантите.[31] По интонацијата на државната химна и бурните аплаузи, Борис Змејковски прочитал Повик за обновување на ВМРО со пораки до македонскиот народ да го разбере времето кога живее и чекорите што треба да ги преземе.[32] По прочитаниот повик, Љубчо Георгиевски го отворил Основачкото собрание при што на почетокот упатува поздрав до: делегацијата на ДПМНЕ од Западна Германија, претставникот на ДПМНЕ од Франција, претставник на Комитетот за човекови права од Сиднеј, Австралија, независни иселеници од Австралија, гости од другите постојни партии во Македонија, новинари и др. Како точка за изјаснување бил поставен предлог дневниот ред од 7 точки: 1. Избор на работни тела на Собрание-

[28] Во известувањето пишува дека меѓу другото на Собранието ќе биде избрано и тело кое ќе раководи со Партијата до одржувањето на Првиот конгрес. Архивска документација, Звонко Станковски.

[29] Во понатамошните истражувања, авторот на статијата ќе настојува да дојде до барањето до Секретаријатот за внатрешни работи за регистрација на партијата на кое биле потпишани 120 лица и според Борис Змејковски било поднесено на 5 јуни 1990 г. Синадиновски 2012, 51.

[30] Кипроски 2015, 484.

[31] Основачко собрание на ВМРО-ДПМНЕ 1990.

[32] „Македонски народе! Денес кога немаме повеќе време за чекање ја обновуваме нашата ВМРО како партија која ќе го врати достоинството на македонската држава и македонскиот народ!“. Основачко собрание на ВМРО-ДПМНЕ 1990, 3:45.

то како Работно претседателство, Верификациска комисија, оверувачи на записникот, 2. Усвојување Деловник за работа на Собранието, 3. Разгледување и усвојување на програмските цели на ВМРО-ДПМНЕ, 4. Усвојување на Статутот на ВМРО-ДПМНЕ, 5. Донесување одлука за формирање на ВМРО-ДПМНЕ, 6. Избор на Управен одбор и претседател на Одборот и 7. Разно. Дневниот ред бил усвоен без барања за дополнувања и измени.[33] Во понатамошниот дел, Собранието го води Диана Транталовска при што за членови на Верификациската комисија биле предложени и изгласани Венко В'чков, Златко Трпковски и Перо Мицевски[34], а за оверувачи на записникот биле предложени од присутните во салата и изгласани Киро Кокаровски и Светлана Цветановска. Право на глас имале само лицата кои имале пополнето партиски пристапници. И втората точка од дневниот ред Усвојување на деловник за работа на Собранието била изгласана без забелешки.

Во однос на третата точка, Разгледување и усвојување на програмските цели на партијата, Љубчо Георгиевски пристапил кон образложување.[35] На почетокот од своето обраќање, Георгиевски жестоко ги критикувал медиумите, весникот „Нова Македонија" и Радио-телевизија Скопје дека го игнорирале известувањето до нив за одржувањето на Основачкото собрание, а посебно бил критичен кон весникот „Вечер", кој во коментар ги нарекол припадниците на новата партија шовинисти.[36] Потоа се осврнал на идејата за формирање на партијата при што се изразувал непрецизно. За Програмската декларација на ДПМНЕ истакнал дека „се појавила некаде пред два и пол месеца во Млад борец", но не потенцира од кого е напишана, понатаму им соопштил на присутните дека „се собрала една група на истомисленици која нашла за сходно да работи врз формирање на една таква партија и во Македонија". Георгиевски повторно избегнал да ги спомене идејниот творец и иницијаторите за

---

[33] По претходните консултации во Минхен и сугестиите од Гојко Јаковлески бил предложени и едногласно изгласани членовите на работното претседателство: Диана Транталовска (која се смета официјално за прва жена во ВМРО-ДПМНЕ), Борис Змејковски, Љубчо Георгиевски, Ванчо Меанџиски и Стево Доневски-Мајка.

[34] Овие три имиња заедно со Владимир Голубовски, Драги Арсов, Тодор Нанев, Васил Наумов и други се наоѓаат на одлуката за основање на ВМРО-ДПМНЕ донесена од Основачкото собрание, фејсбук профил на Перо Мицевски.

[35] Основачко собрание на ВМРО-ДПМНЕ 1990, 12:30.

[36] По пребарувањето на сите броеви на весникот „Нова Македонија" од месец јуни 1990 г., се установи дека ден по одржување на Основачкото собрание, весникот објавува информација за него која воедно и е прва информација во однос на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ. Нова Македонија 18.6,1990, 4.

формирање на партијата со нивните имиња.[37] Попатно признал дека иницијативата дошла од иселениците и дека веќе имало одбори во Америка, САД, Австралија, Канада и повеќе западноевропски земји. Иако посочил дека името ВМРО „одлучивме ние да го ставиме“.

Љубчо Георгиевски го образложил залагањето за конфедерален статус на Македонија во рамките на југословенската федерација поаѓајќи од идеалот на Илинден, борците во Втората светска војна кои се залагале за самостојна Македонија, како и од статусот што го имала Македонија во рамките на федерацијата. Според него, сосем извесно било преуредувањето на заедничката држава не подоцна од подоцна од почетокот на 1991 година.[38] Георгиевски изнел неколку барања и до ЈНА, како давање заклетви на македонски јазик за регрутите Македонци, комуникацијата, натписите на касарните, воените документи да бидат на македонски јазик. Независна македонска надворешна политика влегувала во определбите на новата партија и зближување со САД, Англија, Германија, Италија и Ватикан, најпрво со отворање конзулати. Политиката кон иселеништвото која била замислена се засновала на издавање македонски пасоши, воведување право на глас на избори и повлекување на службите за безбедност кои се мешале во организирањето на иселеништвото. Една од определбите било уредувањето на односите со Србија со потенцирање на низа отворени прашања.

Љубчо Георгиевски се осврнал и на општествено-политичкото уредување на Македонија со промена на името во Република Македонија, воведување нови државни симболи, деполитизација на судството и армијата. ВМРО-ДПМНЕ се обврзала на гарантирање на правата на малцинствата како и воспоставување поблиски односи со Македонците со исламска вероисповед. Идните економски политики кои партијата планирала да ги поддржи биле политиките на рамномерен економски развој, немешање на партиите во економскиот живот и привлекување инвестиции од странство. Обединета Европа е нешто што посебно ја одбележувало програмата на ВМРО-ДПМНЕ, а во тој правец и за заштита на македонскиот културен простор.

Георгиевски најавил и реформа на македонскиот литературен јазик преку збогатување на лексиката со зборови од македонските дија-

---

[37] Георгиевски 2018, 17.

[38] Сосем извесно е дека барањето за конфедерација е од тактички причини, веројатно е дека челниците на ВМРО-ДПМНЕ знаеле дека не е моментот веднаш да се бара самостојна и независна Република Македонија со оглед на кризата во која влегувала Југославија.

лекти од пиринскиот и егејскиот дел на Македонија.[39] Наративот на историската наука не бил поштеден од остри тонови со забелешки дека се прикажувале историски личности во црно-бела варијанта, се премолчувале цели периоди, како периодот на српската окупација и идејата кои ги водела борците од НОБ, при тоа се обврзал дека сите судски процеси кои се воделе по 1945 ќе биле преиспитани.[40]

Нареден дискутант кој се обратил пред присутните бил Гојко Јаковлески за кого ВМРО-ДПМНЕ била реафирмација и континуитет на илинденската политичка мисла и им го прочитал говорот на Панко Брашнаров од отворањето на Првото заседание на АСНОМ. Ги пренел поздравите од Драган Богдановски, кој оправдано не бил присутен и накратко го презентирал неговиот животен пат при што го нарекол „борбено знаме на целата македонска емиграција, па и на целата македонска нација“. Акцентот во говорот Јаковлески го ставил над положбата на македонскиот народ во соседните земји и рекол дека партијата ќе им помага во интерес на заедничката борба за обединета Македонија. И тој ја поддржал визијата за конфедеративно преуредување на заедничката држава. Македонските власти ги нарекол квислиншки кои Републиката ја довеле во колонијална положба.[41]

За збор се пријавил Стојан Ковачев од Париз претставувајќи ја македонската заедница во Франција[42], кој одржал емотивен говор наре-

---

[39] Критики и најавување на реформа македонскиот литературен јазик се должи на политичкото неискуство на 24-годишниот Љубчо Георгиевски, кој во тоа време претендирал да биде истакната политичка фигура. Таквите прашања сепак влегуваат во доменот на науката, а не на партиски програми.

[40] Во тој контекст го споменал Драган Богдановски: „Да го разјасниме чинот на сегашниот македонски тероризам, односно киднапирањето на Драган Богдановски во Париз, чин од кој се згрози цела демократска Европа. Ве молам, од југословенска УДБА, во Франција е киднапиран Драган Богдановски, пренесен со дипломатски југословенски автомобил, две години чуван на Солунска Глава во синџири како куче. Неговата идеја беше само тоа - обединување на Македонија со мирни средства. Ние ќе го поведеме прашањето на неговото враќање во Македонија“. Георгиевски 2018, 38.

[41] Мишковска, Иваноски 2017, 237-238.

[42] Стојан Ковачев (1926, р. Струмица - 2003, п. Струмица), бил активист за национално-културно издигање на Македонците низ Европа. Потекнувал од патриотско кукушко семејство и бил син на свештеник при што се вклучил во партизанското движење за време на Втората светска војна. Ковачев се залагал за обединување на Македонија и не се согласувал со политиката на југословенските власти за што одлежал затворска казна во затворот Идризово. По излегувањето во затворот емигрирал во Франција каде што живеел сѐ до 1998 г., а потоа заминал за Прага. По профе-

кувајќи го Драган Богдановски „македонскиот Мандела“ и ја повикал МПЦ да се придружи во борбата за македонските национални права. Тој се осврнал на водење политики за зајакнување на идентитетот и ги обвинил историчарите дека се грижат само за своите кариери. Еден од повпечатливите говори бил оној на Стеван Доневски-Мајка, македонски бизнисмен од Берлин, кој се осврнал на излагањето на Љубчо Георгиевски.[43] Тој дополнил дека конфедерацијата е прифатлива доколку се примени и во економска смисла, ја поддржал идејата за рамномерен развој на Републиката со можност за нов главен град. Предложил во Програмските цели на ВМРО-ДПМНЕ да влезе и залагањето за независни медиуми сметајќи дека тоа е основа на демократијата. Стеван Доневски повикал активно да се работи на кревање на националната свест кај Македонците и ВМРО-ДПМНЕ натпартиски да соработува со Светскиот македонски конгрес (СМК). Го споменал и случајот на Драган Богдановски околу неговото судење и изнел информации дека лицата кои го обвиниле и суделе напредувале како функционери. Од неговата дискусија се дознава дека ВМРО-ДПМНЕ веќе воспоставила контакт со хрватската партија ХДЗ.

На Основачкото собрание доминирале со дискусии говорници од емиграцијата. Следни за збор се јавиле Дане Поповски[44] од Чикаго, САД, кој порачал да се внимава на терминологијата во однос на македонскиот народ кој живеел во соседството на териториите од етничка Македонија, и Душко Дојчиноски од Сиднеј, Австралија. Тој пратил јавен поздрав до организациите ВМРО-Независна и ОМО Илинден од Република Бугарија, како и до Комитетот за човекови права од Солун чии членови во тој момент се наоѓале во Копенхаген на конференција. Дојчиноски ги запознал присутните со дејствувањето на српски националисти меѓу Македонците во Австралија и побарал во иднина македонските политичари да го поставуваат македонското прашање во ООН и да пре-

---

сија бил актер, драматург и театарски работник а се занимавал и со издаваштво и истражување на минатото на македонскиот народ. Бил близок соработник на Драган Богдановски, неговото име е наведено во Координативниот совет на ДПМНЕ објавен во рамки на Платформата на оваа партија. Стојан Ковачев бил делегат и на Прилепскиот конгрес на ВМРО-ДПМНЕ одржан во април 1991 г. видео,Одбележана 10-годишнината од смртта на Стојан Ковачев 20.06 2013.

[43] Основачко собрание на ВМРО-ДПМНЕ 1990, 02:02:20.

[44] Дане Поповски (1931-2018), еден од раководителите на ВМРО-ПРАВДА, кој во 1950 година бил осуден на петгодишна затворска казна и на губење на граѓанските права. И тој бил запишан во Координативниот совет на ДПМНЕ на почетокот на 1990 година.

говараат со владите во Атина и Софија за обединување на Македонија. Во однос со Србија, поставил барање да се дејствува за враќање на манастирот „Св. Прохор Пчињски“. Дојчиноски бил најрадикален во обраќањето при што рекол дека и преку терористички акции ќе се дејствува во соседството. Емиграцијата според него го распламтувала македонскиот патриотизам и живеејќи во демократски услови, била подготвена да пренесе искуства во Македонија. Потенцирал дека македонската емиграција со своите прогресивни сили ќе помогне Македонија да излезе од економската криза.[45] Уште еден претставник на македонската заедница од Австралија, Јордан Груев, се обратил од име на редакцијата на влијателниот весник „Македонија“[46], пренесувајќи поздрав од Панко Стамкоски. И тој во име на Македонците од Австралија говорел дека застануваат со сите средства за остварување на идеалот за слободна и обединета Македонија.

Како и на Првиот конгрес на ВМРО-ДПМНЕ во Прилеп кој се одржал во април 1991 година така и на Основачкото собрание имало претставници на ОМО Илинден што покажува дека партијата имала интерес за Македонците зад границата, во соседството. Панде Митев од именуваната организација побарал од македонската емиграција и од ВМРО-ДПМНЕ материјална помош за ОМО Илинден за да може во иднина да дејствува. Во оваа политичка сила можност за афирмација на личните судбини нашле и лицата кои биле репресирани од југословенските власти за дејствување за самостојна и обединета Македонија; таков говорник бил Ињо од Вевчани, кој за себе зборувал дека бил учесник во побуната на артилериските бригади во Скопје во 1944 година кои протестирале против заминувањето на Срем.[47] Поради тоа служел казна во Добој, Босна и Херцеговина. Тој зборувал за делото на Драган Богдановски и дејствувањето на ДООМ за што рекол дека многу малку се кажало на настанот. И Тодор Нанев од Штип се обратил пред присутните со емотивен говор за семејната историја при што се претставил како потомок

[45] Душко Дојчиноски предложил и мерки за подобрување на статусот на пензионерите, работниците, реформа во образовниот систем и зголемување на социјалната сигурност.

[46] Неделниот весник „Македонија“ е формиран во првата половина на 1980-тите години, од страна на Панко Стамкоски (1938-2007), национален активист и член на ДООМ, а бил и назначен за потпретседател на Координативниот совет на ДПМНЕ за емиграцијата од страна на Драган Богдановски. Интернет портал Македонска нација 2011.

[47] Основачко собрание на ВМРО-ДПМНЕ 1990, 02:35:30.

на Јордан Анчев Нанев, кој бил член на ВМРО на Тодор Александров. Од работното претседателство повеќе пати повикале говорниците да се држат до дневниот ред.

Климе Митрески од име организаторите на протестите кои се случиле ден претходно на македонско-грчката граница, Здружението на деца бегалци од егејскиот дел на Македонија и Здружението на приватни занаетчии го поздравил Собранието и побарал да се внимава на тоа кој сè се зачленува во ВМРО-ДПМНЕ по примерот на МААК каде што се инфилтрирале многу недобронамерници.[48] Јана Лембамова, активистка која живеела во Австралија со потекло од егејскиот дел на Македонија, говорела за примери на репресирани Македонци од комунистичките власти кои исто така потекнувале од тие краеви. Идејата за основање Меѓународна економска институција „Македонска банка“ во која македонски иселеници ќе внесуваат капитал кој ќе се вложува во развојот на Македонија ја дал Ефтим Таковски во обраќањето, кој дополнително предложил формирање на „Македонски комитет“ со основна мисија обединување на Македонците низ светот и водење меѓународна политика.[49]

Предложените Програмски определби кои на почетокот ги образложил Љубчо Георгиевски биле едногласно усвоени. Имало дискусија околу предлог статутот на партијата со следните поднесени забелешки: секаде што стои Македонец, да стои македонски жители според илинденските традиции за отвореност кон другите националности, членовите на ВМРО-ДПМНЕ да не можат да бидат членови на други партии, секое лице што наполнило 16 години да може да членува во партијата. Присутните во салата излегле со спротивставени мислења по предлозите при што Ванчо Меанџиски од говорницата укажал дека во цивилизираните земји со парламентарна демократија еден граѓанин не може да биде член во две партии. Бил поддржан од мнозинството присутни, а предлог-статутот бил усвоен со прифаќање на дел од забелешките. На крајот од Основачкото собрание била усвоена одлуката за формирање на партијата. Целиот процес, од иницијатива до формално-правно основање на ВМРО-ДПМНЕ, завршува со впишување на партијата во региста-

---

[48] За реплика се јавил Славе Димоски од Демир Хисар, кој побарал ВМРО-ДПМНЕ и МААК да соработуваат затоа што имаат блиски програми и истакнал дека во МААК има чесни патриоти.

[49] Ефтим Таковски (1949-2006) бил македонски писател, новинар и прв портпарол на ВМРО-ДПМНЕ.

рот на општествените организации-здруженија на граѓани со што партијата пред надлежните органи се стекнала со својство на правно лице.[50]

Од сето она што досега беше анализирано во статијата, може да се одговори на неколку дилеми почнувајќи од тоа кој бил идеен творец на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, кои се основачи, а кои поддржувачи во нејзиното создавање, кои датуми се значајни за развивањето на идејата за прва национална партија во Македонија. Целата дискусија која се провлекува во јавниот простор меѓу луѓето кои биле вклучени во овие процеси кон крајот на 1989 година и првата половина на 1990 година дополнително наведените дилеми ги прави спротивставени. Уште повеќе што Драган Богдановски не е меѓу живите за соодветно да реплицира или да го искаже својот став, иако често е споменуван во определени контексти на темата. За разбирањето на оваа тема, клучно е да се познава активизмот на Драган Богдановски почнувајќи од 50-тите години на XX век и тогаш ќе се разбере дека иницирањето за создавање на ВМРО-ДПМНЕ е само една фаза од неговото дејствување како сѐ уште непотврден, но сосема извесен лидер на македонската политичка опозиција во емиграција. Ова тврдење се поткрепува ако внимателно се споредат програмите или програмските цели на Движењето за ослободување и обединување на Македонија и ДПМНЕ, ќе се увиди делумно пресликување со тоа што Политичката платформа на ДПМНЕ е делумно усогласена со околности во кои се наоѓала Југославија и Македонија како нејзина федерална членка. Видовме дека уште во 1989 година Богдановски споменал потреба од создавање партија речиси една година пред да настапи повеќепартискиот систем. Не е неочекувано затоа што тој важел за визионер и добар аналитичар на политичките состојби. Посебно внимание заслужува она што е наведено во книгата на Бранислав Синадиновски, дека ДПМНЕ е изродена во ТП „Македонка" во разговори меѓу Костадин Динев - Динката, Драган Богдановски, Бранислав Синадиновски и Борис Змејковски при што Бранислав Синадиновски ги „напишал првите програмски документи".

Ваквите наведувања никаде не се потврдени од Драган Богдановски, ниту до моментот на издавање на книгата во 2012 година, вакви информации не постоеле. Дискутабилно е како Бранислав Синадиновски, кој во тој период бил дипломат а од 1990 година бил избран за вонреден професор на Институтот за социолошки и политичко-правни истражу-

---

[50] Архивска документација, Звонко Станковски, Собрание на град Скопје, Градски секретаријат за внатрешни работи, Решение уп. бр. 38-6918/г од 3.8.1990 год.

вања, се впуштил во создавање партија која требало да биде опозиција на партијата која ги контролирала сите процеси во дипломатијата и изборот на кадрите. Легитимно е прашањето ако Синадиновски имал толкава улога во концепцијата на ДПМНЕ, зошто не е учесник на Минхенските средби, зошто не е член на Иницијативниот одбор на ВМРО-ДПМНЕ ниту пак се јавил за дискусија на Основачкото собрание за коешто немаме податок дали воопшто присуствувал.[51] Бранислав Синадиновски, кој бил роден во 1947 година, до 1990 година бил посветен на сопственото образование и кариера и не се занимавал со националното прашање на Македонците; Борис Змејковски, кој е роден во 1956 година, пред 1990 година нема политичко искуство и бил вработен како возач во ТП „Македонка"; наспроти тогашните ветерани и Драган Богдановски, кој бил на шеесетгодишна возраст во тоа време и зад себе имал огромно искуство во политички и национален активизам.[52] И Костадин Динев-Динката, роден 1927 година, одлежал осум години затвор во Идризово првично обвинет за непријателска пропаганда, а подоцна за „здружување против народот и државата". Синадиновски во книгата го цитира Змејковски, кој вели дека во Скопје ја донеле одлуката ДПМНЕ да прерасне во ВМРО-ДПМНЕ и како политички субјект да се регистрира.[53] Контрадикторно, во пишани материјал Драган Богдановски, Љубчо Георгиевски, Гојко Јаковлески потврдуваат дека префиксот ВМРО бил додаден на ДПМНЕ токму на Минхенските средби, и тоа на предлог на Љубчо Георгиевски и Борис Змејковски. Во тој контекст, може да се сметаат за неточни мислењата дека „ДПМНЕ била замислена како движење во емиграцијата" од проста причина што во своето име го содржи називот партија што укажува на фактот дека требала да заживее во Републиката.

И во објавената Политичка платформа на ДПМНЕ во списанието „Млад борец" секаде се споменува партија, а не движење. За името на

---

[51] Во книгата посветена на животот и делото на Борис Змејковски се забележува и минимизирање на учеството на Драган Богдановски и потценување на улогата на македонската политичка емиграција во создавањето на ВМРО-ДПМНЕ. Дури се вели дека Драган Богдановски и Костадин Динев-Динката биле со средно образование, а се избегнува да се потенцира нивното искуство во политичкиот живот. Богдановски има недооформено високо образование, но работел како новинар, бил основач и редактор на неколку списанија, автор на книги со историска тематика и сл.

[52] Во 2013 година, проф. д-р Марјан Иваноски од Институтот за национална историја одбрани докторска дисертација со наслов „Драган Богдановски, Живот и дело (1929-1998)".

[53] Синадиновски 2012, 46.

партијата ВМРО-ДПМНЕ треба да спомене дека целосно е неоправдано да се прави разлика меѓу ДПМНЕ и ВМРО-ДПМНЕ како што може да се сретне во книгата на Синадиновски. Во своето петдецениско дејствување Драган Богдановски секогаш се врзувал за илинденските идеали, за заложбите на Македонската револуционерна организација. Пишувал и истражувал за македонските револуционери восхитувајќи се на нивните дела. ДПМНЕ како негова идејна замисла го содржи во себе континуитетот на ВМРО така што предлогот на Љубчо Георгиевски и Борис Змејковски на Минхенските средби да се додаде во името на партијата ВМРО е повеќе од маркетиншко значење за идните гласачи.[54] Честопати во медиумскиот простор и во политички дебати се отвора прашањето кој е основач на ВМРО-ДПМНЕ.[55] Факт е дека 24-годишниот Љубчо Георгиевски, кој само 4 месеци претходно дипломирал на Општа и компаративна книжевност, заедно со Борис Змејковски бил однесен да се сретне со авторитетите од македонската политичка емиграција, Драган Богдановски и Гојко Јаковлески во Минхен. Тој самиот признава дека објавената Политичка платформа на ДПМНЕ во „Млад борец" му го привлекла вниманието.[56] Интересно е што Богдановски им дава предлог на Георгиевски и Змејковски да бидат претседател и генерален секретар на партијата иако тие во него гледале иден претседател на партијата. Значи, индиректно се осознава дека Богдановски бил авторитетот и кадровикот кој ги нудел функциите. Минхенските средби ги поставиле контурите на партијата и имаат огромно значење за нејзиното создавање. Тенденцијата да се прикаже дека Богдановски немал голема улога во основањето на ВМРО-ДПМНЕ во Македонија се неосновани. По негова молба, семејството Транталовски се вложило во етаблирање на партијата и се вклучило во многубројни организациски активности. Тројца од петтемина членови на Работното претседателство на Основачкото собрание се соработници на Богдановски. Првиот технички секретар на партијата кој имал патент за симболите на партијата, Звонко Станковски, е роднина на Богдановски. Браќата Јаковлески како пријатели на Драган Богда-

---

[54] Гојко Јаковлески бил против предлогот ВМРО да стои во името на партијата. За разлика од него Васил Наумов, кој е еден од основачите на ВМРО-ДПМНЕ во Македонија, сметал дека партијата треба да се нарекува само ВМРО. *„Македонија пред сѐ - патот на ВМРО-ДПМНЕ 1990-2017"*, 20:44.

[55] Таквата формулација е неточна од причина што политичката партија има идеен творец и многу основачи и поддржувачи. Интернет портал Новатв 2013.

[56] „Она што Драган Богдановски го имаше напишано во Манифестот длабоко ме обзеде, така што со воодушевување ја прифатив идејата". Георгиевски 2018, 56.

новски дале 13.000 марки за потребите на организирање на Основачкото собрание каде што најголем број од говорниците биле од емиграцијата.[57] Идеолошката и програмските цели на партијата биле определени уште со Манифестот и Политичката платформа, кои Драган Богдановски веќе ги имал објавено, а кои не е исклучено Љубчо Георгиевски да ги модифицирал пред да ги презентира пред присутните во Домот на млади „25 Мај". Секако сето ова не ги намалува заслугите на Љубчо Георгиевски и Борис Змејковски во создавање услови за функционирање на партијата во Македонија, од организирање настани, преписки со надлежни органи, лобирање кај истомисленици за да се приклучат на ВМРО-ДПМНЕ, формирање секции низ градовите. Затоа за основачи може да се сметаат членовите на Привремениот координативен совет на ДПМНЕ, учесниците на Минхенските средби, членовите на Иницијативниот одбор за формирање на ВМРО-ДПМНЕ, членовите на работните тела на Основачкото собрание и присутните (кои имале пополнето пристапници), наведените лица во одлуката на Основачкото собрание за основање на партијата и основачите на секциите во емиграцијата и Македонија. Исто така коректно е да се напомене дека името на Драган Богдановски и неговите заслуги за таа политичка партија биле непознати додека претседател на ВМРО-ДПМНЕ бил Љубчо Георгиевски. Не постои податок дека на некоја партиска манифестација дотогаш било спомената неговото име.

Импулсот за создавање македонска национална партија во Македонија доаѓа од македонската политичка емиграција, која е главен носител на идејата за самостојна, обединета и независна Македонија по Втората светска војна. А, Драган Богдановски како нејзин предводник го предвидел моментот кога може да се дејствува во тој правец. Мора да се признае дека и во Републиката имало приврзаници на идејата за своја самостојна македонска држава, еден од нив е Костадин Динев-Динката, близок пријател на Богдановски, кој несомнено ако не починел толку рано, ќе извршувал висока функција во ВМРО-ДПМНЕ. Според тоа, дебатите кој е идеен творец, кои се основачи и чија улога е поголема во формирањето на оваа политичка партија, дали на емиграцијата или на лица со патриотски определби од Македонија се во насока на градење митови и идеализирање на улогите.

---

[57] На Прилепскиот конгрес на ВМРО-ДПМНЕ кој се одржал во април 1991 година, Драган Богдановски бил избран за почесен претседател. Таквата одлука доволно кажува за неговата улога во основањето на ВМРО-ДПМНЕ.

# ЛИТЕРАТУРА

## ИЗВОРИ:

Приватна архивска документација на Звонко Станковски, првиот технички секретар на ВМРО-ДПМНЕ.

## МОНОГРАФИИ И ЗБОРНИЦИ:

Георгиевски, Љубчо. *Мојата македонска приказна - каде одиш Македонијо?* . Ѓурѓа, Скопје, 2018.

Георгиевски, Љубчо. *Тоа сум јас.* Лекс Легис, Велес, 2012.

Кипроски, К. *Македонија - мојот живот.* Киро Кипроски, Струга, 2015.

Кипроски, К. *Македонија, мој копнеж.* Европа-92, Кочани, 2018.

Мишковска, М. Иваноски, М., За трет Илинден писма и документи од архивата на Гојко Јаковлески (Гоце Македонски) за македонската политичка по Втората светска војна, Контура, 2017.

Синадиновски, Б. *Борис Змејковски Современиот Дамјан Груев.* Графо ден, Скопје, 2012.

## ВЕСНИЦИ И СПИСАНИЈА:

„Барања за заштита на македонските интереси", Нова Македонија, XLVI/15558, 18.6.1990.

„Како беше создадена ВМРО-ДПМНЕ?", Македонска нација Орган на Македонскиот национален фронт, година 1, бр. 2 (97), мај 1993.

Македоника V/11-12, 2015.

„Политичка платформа на ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство", Млад борец, бр. 1971, 07.03.1990.

Спасеновски А. „Еволуција на македонскиот партиски систем од монизам кон плурализам". *Политичка мисла,* година 17, бр. 58, 2019.

## ВИДЕОМАТЕРИЈАЛ ОД ИНТЕРНЕТ:

серијал „Жртви на комунизмот", епизода 7, *„Македонска политичка емиграција - Драган Богдановски",* https://www.youtube.com/watch?v=yh-oLoiV8ps&t=2857s, (пристапено на 15.7.2022).

серијал „Македонија пред сè - патот на ВМРО-ДПМНЕ 1990-2017", Документарен филм, прва епизода, https://www.youtube.com/watch?v=3BUiUo8aYiE&t=768s, (пристапено на 30.7.2022).

Одбележана 10-годишнината од смртта на Стојан Ковачев, (20.6.2013), https://www.youtube.com/watch?v=_GfsQVf4GEY, (пристапено на 2 април 2022).

Основачко собрание на ВМРО-ДПМНЕ, 17.6.1990, https://www.youtube.com/watch?v=47nntDpHsvE, (пристапено на 4 март 2022).

## ВЕБ-СТРАНИЦИ И ИНТЕРНЕТ:

*„ВМРО-НП: Се докажа дека Љубчо Георгиевски е основач на ВМРО-ДПМНЕ“,* портал Новатв, 1 август 2013, https://novatv.mk/vmro-np-se-dokazha-ljubcho-georgievski-e-osnovach-na-vmro-dpmne/, (пристапено на 5 март 2022).

Фејсбук страница на Перо Мицевски, еден од основачите на ВМРО-ДПМНЕ, https://www.facebook.com/photo.php?fbid=3298750047117564&set=pb.100009478021456.-2207520000..&type=3, (пристапено на 17 јули 2022).

*„Чест и почит - Панко Стамкоски“*, Македонска нација, 7 септември 2011, http://www.mn.mk/index.php/aktuelno/turizam/iselenici-region/4796-Cest-i-pocit---Panko-Stamkoski-3, (пристапено на 23 декември 2021).